ООУ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Кавадарци

СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПОЛОВАТА,

НАЦИОНАЛНАТА ПРИПАДНОСТ И

СРЕДНИОТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ

ТРИ УЧЕБНИ ГОДИНИ (2023/24, 2024/25 и 2025/26)

Септември, 2026

СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПОЛОВАТА ПРИПАДНОСТ И СРЕДНИОТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ УЧЕБНИ ГОДИНИ (2023/24, 2024/25 и 2025/26)

УЧЕБНА ГОДИНА	македонци	други	СРЕДЕН УСПЕХ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА ГОДИНА			
			БРОЈ НА УЧЕНИЦИ			КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА ГОД.
			м	ж	вкупно	
2023/24	624	/	318	306	624	4.63
2024/25	617	/	318	299	617	4.62
2025/26	628	/	331	297	617	4.67

Споредбена анализа на успехот на учениците за учебните 2023/24, 2024/25 и 2025/26 година

Според анализата во трите споредбени учебни години се забележува релативно стабилен број на ученици, со мали варијации во половата структура и со континуирано висок просечен успех на ниво на училиштето.Според националната припадност сите се изјаснети како македонци.

Во учебната 2023/24 година биле евидентирани вкупно 624 ученици, од кои 318 машки (50,96%) и 306 женски ученици (49,04%). Половата застапеност е речиси рамномерна, со мала предност на машките ученици. Просечниот успех на крајот од учебната година изнесувал 4,63, што укажува на високи образовни постигнувања на учениците.

Во учебната 2024/25 година вкупниот број ученици се намалил на 617. Од нив, 318 се машки (51,54%), а 299 женски ученици (48,46%). Во споредба со претходната година, бројот на машките ученици останал непроменет, додека бројот на женските ученици се намалил за 7 ученици. Просечниот успех изнесувал 4,62, што претставува минимално намалување од 0,01 во однос на претходната учебна година.

Во учебната 2025/26 година е забележан пораст на бројот на ученици на 628.
Од нив, 331 се машки (52,71%), а 297 се женски ученици (47,29%). Во оваа учебна година учеството на машките ученици е највисоко во споредба со претходните години. Истовремено е остварен и највисок просечен успех од 4,67, што претставува подобрување за 0,05 во однос на 2024/25 и за 0,04 во однос на 2023/24 година.

Графички приказ на успехот на учениците според половата структура



Компаративен преглед

Учебна година	Машки	Женски	Вкупно	Просечен успех
2023/24	318 (50,96%)	306 (49,04%)	624	4,63
2024/25	318 (51,54%)	299 (48,46%)	617	4,62
2025/26	331 (52,71%)	297 (47,29%)	628	4,67

З А К Л У Ч О К

Анализата покажува дека во сите три учебни години постои речиси рамномерна застапеност на учениците според пол, со благо доминирање на машкиот пол.

Учеството на машките ученици постепено се зголемува од 50,96% во 2023/24 година на 52,71% во 2025/26 година, додека учеството на женските ученици бележи благо намалување.

Од аспект на национална припадност сите ученици се изјаснети како македонци. Во поглед на училишниот успех, констатираме дека училиштето одржува континуирано високо ниво на постигања, при што најуспешна е учебната 2025/26 година со просечен успех од 4,67, додека пак претходната 2024/25 учебна година е со најмал успех на основ на тригодишна анализа. Ова укажува на позитивен тренд во образовните резултати и покрај промените во бројноста и половата структура на учениците.

Изработила
Педагог
Љубица Лазиќ

Директор,

Марјанчо Јанкулов